**20231292392**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Се прогласува Законот за Академија за судии и јавни обвинители,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 14 јуни 2018 година.

Бр. 08-3265/1
14 јуни 2023 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

# З А К О Н
# ЗА АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на законот

Член 1

Со овој закон се уредува работењето на Академијата за судии и јавни обвинители (во натамошниот текст: Академијата), нејзиниот статус, дејност, органите на управувањето, финансирањето, почетната и континуираната обука.

### Цел и дејност на Академијата

Член 2

(1) Академијата има за цел професионално, независно, непристрасно и ефикасно извршување на судиската и јавно - обвинителската функција, како и стручно и ефикасно извршување на работите на стручните служби во судството и јавното обвинителство.

(2) Академијата врши прием и стручно усовршување на кандидатите за судии и јавни обвинители, континуирана обука за унапредување на стручноста на судиите и на јавните обвинители, континуирана обука на стручните служби во судството и во јавното обвинителство, специјализирана обука за судиите поротници, обука на субјектите кои учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството, како и заради вршење аналитичко-истражувачка дејност од областа на правосудната теорија и практика.

(3) Академијата својата дејност ја спроведува преку:

- организирање и спроведување почетна обука на идните кандидати за судии и јавни обвинители за потребите на основните судови и основните јавни обвинителства,
- организирање и спроведување континуирана обука за унапредување на стручноста на судиите и јавните обвинители,
- организирање и спроведување континуирана обука на стручните служби во судството и јавното обвинителство, како и обука на другите субјекти кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството,
- спроведување аналитичко - истражувачка дејност од областа на правосудната теорија и практика и
- врши други работи утврдени со закон и со Статутот на Академијата (во натамошниот текст: Статутот).

(4) Заради спроведување на дејноста, Академијата:

- воспоставува и одржува соработка на полето на обуката со сродни домашни и странски институции, организации, здруженија и фондации, а особено со професионалните здруженија на судиите и јавните обвинители и коморите,
- соработува со европските мрежи на институциите за обука, како и Лисабонската мрежа при Советот на Европа и Европската мрежа за тренинг на Европската Унија,
- остварува меѓународна размена на судии, јавни обвинители, како и другите субјекти наведени во членот 2 од овој закон,
- организира и води библиотека,
- издава публикации и врши друга издавачка дејност за свои потреби,
- остварува соработка со правните факултети заради развој на програми за професионално ориентирање и подготвување на студентите од правните факултети за прием во Академијата,
- организира и учествува во истражувачки проекти и
- врши и други дејности од значење за унапредување и усовршување на обуките во правосудството, утврдени со овој закон и со Статутот.

**Седиште на Академијата**

Член 3

(1) Академијата се основа како јавна установа со својство на правно лице.

(2) Седиштето на Академијата е во Скопје.

**Печат на Академијата**

Член 4

(1) Академијата има печат кој го содржи името Република Северна Македонија, грбот на Републиката, називот и седиштето на Академијата и е испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните и неговото писмо.

(2) Формата и содржината на печатот, изгледот на знаците и другите обележја и начинот на користењето се уредува со Статутот, согласно со закон.

**Акти на Академијата**

Член 5

(1) Основен акт на Академијата е Статутот.

(2) Со Статутот поблиску се уредуваат:

- називот, внатрешната организација и начинот на вршењето на дејноста на Академијата,

- управувањето и раководењето со Академијата,
- правата и обврските на субјектите од членот 2 од овој закон во врска со работењето на Академијата,
- составот, начинот на формирањето, како и начинот на одлучување и делокругот на работа на органите и телата на Академијата,
- правата, обврските и одговорностите на Академијата во правниот промет,
- приемот на слушатели во почетна обука,
- постапката за донесување на програмите за сите видови обука,
- начинот на избор на предавачи и ментори,
- начинот на финансирање и употреба на средствата за работа на Академијата и
- други прашања од значење за работата на Академијата.

(3) Статутот го донесува Управниот одбор на Академијата со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(4) Статутот се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб-страницата на Академијата.

(5) Другите општи акти и извештаи на Академијата се објавуваат на нејзината веб-страница.

**Забрана за политичко организирање во Академијата**

Член 6

Во Академијата е забрането политичко и партиско организирање и дејствување.

**Правична застапеност**

Член 7

(1) При селекцијата на кандидатите за прием во почетната обука во Академијата, без да се нарушат критериумите утврдени со овој закон, се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои им припаѓаат на сите заедници во Република Северна Македонија.

(2) Соодветната и правична застапеност се обезбедува со претходно утврдување посебна квота за припадници на заедниците што не се мнозинство во Република Северна Македонија, сметано од вкупниот број слободни места за судии и јавни обвинители утврден во јавниот оглас за прием во почетна обука, а кој број се определува од страна на Управниот одбор за секој нов упис посебно.

(3) Управниот одбор ја определува квотата од ставот (2) на овој член, согласно со официјалните статистички показатели на вкупно попишаното население од последниот спроведен попис во државата.

(4) Начинот на пополнување на слободните места определени според квотата при приемот на кандидатите во почетната обука ќе се раководи по принципот на постигнатиот успех на добиената завршна оценка од положениот приемен испит, а кое пополнување ќе се рангира во рамки на секоја предвидена квота посебно.

(5) Доколу во определените квоти од ставот (3) на овој член не се јават доволен број кандидати кои ги исполнуваат законските услови или не го положиле приемниот испит, слободните места се пополнуваат од останатите кандидати кои ги исполнуваат условите според рангирањето на нивната завршна оценка.

## II. УПРАВУВАЊЕ СО АКАДЕМИЈАТА

### Органи на Академијата

Член 8

(1) Органи на Академијата се Управниот одбор, директорот и Програмскиот совет.

(2) При конституирањето на органите и телата на Академијата, назначувањето на преведувачите и менторите, конституирањето на Комисијата за приемен испит, Комисијата за завршен испит и Комисијата за ревизија на одржаните испити се обезбедува соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во Република Северна Македонија, без да се нарушат критериумите утврдени со овој закон.

### 1. Управен одбор

### Состав на Управниот одбор

Член 9

(1) Управниот одбор е орган на управување на Академијата кој го сочинуваат девет члена.

(2) Четири члена и нивни заменици во Управниот одбор се назначуваат од редот на судиите и тоа: двајца членови и нивни заменици се судии назначени од Судскиот совет на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Судскиот совет), еден член и негов заменик се судии назначени на општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Врховниот суд) и еден член и негов заменик се судии назначени од Управниот одбор на Здружението на судиите на Република Северна Македонија.

(3) Четири члена и нивни заменици во Управниот одбор се назначуваат од редот на јавните обвинители и тоа: двајца членови и нивни заменици се јавни обвинители назначени од Советот на јавни обвинители на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Советот на јавни обвинители), еден член и негов заменик се јавните обвинители назначени од Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и еден член и негов заменик се јавни обвинители назначени од Извршниот одбор на Здружението на јавните обвинители во Република Северна Македонија.

(4) За член или заменик-член во Управниот одбор од редот на судиите и јавните обвинители можат да бидат назначени судии и јавни обвинители со најмалку осум години работен стаж како судија, односно како јавен обвинител, и со позитивни резултати во работата.

(5) Министерот за правда назначува еден член и негов заменик во Управниот одбор од раководните административни службеници во Министерството за правда со најмалку осум години работен стаж на раководна позиција и со позитивни резултати во работата.

(6) Во работата на Управниот одбор учествува директорот, а во негово отсуство заменикот-директор на Академијата, без право на глас.

(7) Еден месец пред истекот на мандатот на членовите на Управниот одбор и на нивните заменици се назначуваат членови на Управниот одбор и нивни заменици, согласно со условите утврдени со овој закон.

(8) Конститутивната седница на Управниот одбор се одржува најдоцна во рок од 15 дена по завршувањето на мандатот на претходниот Управен одбор, а ја свикува и со неа заседава најстариот назначен член на Управниот одбор.

(9) Мандатот на членовите на Управниот одбор и нивните заменици трае четири години, без право на последователен избор.

**Претседател на Управниот одбор**

Член 10

(1) Претседателот на Управниот одбор и неговиот заменик се избираат од редот на судиите и јавните обвинители, членови на Управниот одбор.

(2) Мандатот на претседателот и заменик-претседателот на Управниот одбор трае две години, со можност за уште еден избор.

**Надлежност на Управниот одбор**

Член 11

Управниот одбор ги врши следниве работи:

- донесува Статут и други општи акти на Академијата и го следи нивното извршување,
- донесува Деловник за својата работа,
- избира претседател на Управниот одбор и негов заменик,
- го именува, утврдува престанок на мандатот и го разрешува директорот и заменикот на директорот (во натамошниот текст: заменикот),
- одлучува за времено отстранување од работа на директорот и на заменикот при поведена постапка за разрешување,
- констатира и утврдува престанок и разрешување член и заменик-член на Управниот одбор,
- назначува и утврдува престанок и разрешување член и заменик-член на Програмскиот совет,
- спроведува јавен повик за избор на два члена и нивни заменици во Програмскиот совет,
- ја утврдува листата на предавачи и одлучува за нивно разрешување по предлог на директорот,
- го определува почетокот на спроведувањето на приемниот испит за почетната обука,
- формира и разрешува комисии согласно со овој закон, утврдува престанок на мандатот на членовите на комисиите, ги разгледува и ги усвојува доставените извештаи за нивната работа,
- утврдува листа на ментори и го утврдува престанокот на статус на ментор,
- утврдува програми за обуки,
- донесува акти за прашања за кои во овој закон е утврдено овластување да ги донесува Академијата,
- донесува годишен финансиски план,
- донесува годишен план за јавни набавки,
- го утврдува начинот на користењето на средствата за работа на Академијата,
- донесува стратешки план на Академијата,
- ја усвојува завршната сметка и Програмата за работа на Академијата,
- усвојува годишен извештај за работата на Академијата во претходната година,
- дава мислење за соработка со сродни институции, организации и здруженија од земјата и од странство, за меѓународни проекти, грантови и донации,
- се запознава со актите за внатрешна организација и систематизација на работните места донесени по претходна согласност на Министерството за информатичко општество и администрација од страна на директорот,
- донесува други општи акти по предлог на директорот,
- донесува одлуки за советодавно ангажирање експерти од различни области,
- донесува одлуки, решенија и заклучоци и
- врши други работи утврдени со овој закон и со Статутот.

### Начин на работа на Управниот одбор

Член 12

(1) Работите од својот делокруг Управниот одбор ги врши на јавна седница доколку е присутно мнозинството од вкупниот број членови на Управниот одбор.

(2) Управниот одбор донесува одлуки со мнозинство гласови од членовите на Управниот одбор, освен во случаи предвидени со овој закон.

(3) Доколку не се обезбеди потребното мнозинство од ставот (2) на овој член, седницата се одлага и претседателот веднаш закажува нова седница, која ќе се одржи најдоцна во рок од осум дена од денот на одлагањето на седницата.

(4) Седниците на Управниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Управниот одбор.

(5) Седница на Управниот одбор може да се свика и по барање на директорот или на член на Управниот одбор.

(6) Се смета дека член на Управниот одбор е присутен доколку постои претходно најавена двонасочна телефонска или друга врска (видеоконференциска), која гарантира идентификација на учесникот и дозволува учество во дискусијата и донесувањето на одлуката што задолжително се евидентира во записникот.

(7) Управниот одбор може да одлучи да ги одржува седниците и преку телефонска или друга видеоконференциска врска доколку се гарантира идентификација на учесниците и се дозволува учество во дискусијата и донесување одлуки, што задолжително се евидентира во записникот.

(8) Во случај кога член на Управниот одбор е спречен да присуствува на закажана седница на Управниот одбор е должен благовремено да ја извести Академијата, а на седницата се поканува да присуствува неговиот заменик член, на кој му се доставуваат дневниот ред и материјалите за седницата.

(9) За секоја седница се води записник, кој го потпишуваат претседавачот на седницата и записничарот. Претседателот на Управниот одбор може да одлучи седницата да се сними и аудиовизуелно.

(10) Записникот од ставот (9) на овој член го води и врши други стручни и административни работи за потребите на Управниот одбор вработено лице во Службата за стручно – технички работи на Академијата, определено со актот за систематизација на работните места или со одлука на директорот.

### Надоместок на трошоци на членовите на Управниот одбор

Член 13

(1) Членовите на Управниот одбор имаат право на месечен паричен надоместок кој изнесува 50% од просечната месечна плата исплатена во Републиката во последните три месеци.

(2) Членовите на Управниот одбор, кои имаат живеалиште или престојувалиште надвор од седиштето на Академијата, имаат право на надоместок на патни трошоци, согласно со актите на Академијата.

(3) Месечниот надоместок предвиден за работа на членот на Управниот одбор се исплаќа на членот и заменикот-член пропорционално на бројот на седници на коишто присуствувал во тековниот месец за кој се врши исплатата.

### Престанок на мандатот и разрешување член на Управниот одбор

Член 14

(1) На член и на заменик-член на Управниот одбор му престанува мандатот:

- со истек на времето за кое се назначени,
- по негово барање,
- поради смрт,
- ако му престане функцијата или работниот однос во органот каде што ја извршува функцијата, односно има засновано работен однос и
- ако е спречен да ја врши функцијата член или заменик-член на Управниот одбор подолго од шест месеци поради болест или други причини.

(2) Член и заменик-член на Управниот одбор се разрешува ако:

- со правосилна пресуда му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност за кривично дело или прекршок поврзани со злоупотреба на судиската или јавнообвинителската функција или на работната позиција во Министерството за правда,
- со правосилна судска одлука е осуден за кривично дело на казна затвор во траење над шест месеци и
- постапи спротивно на прописите од областа на спречувањето на корупцијата и судирот на интереси.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член, органот кој го назначил членот, односно заменик-членот кој е разрешен или чиј мандат престанал, номинира нов член, односно заменик-член, најдоцна во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката за разрешување, односно престанок на мандатот.

(4) Мандатот на новоназначениот член, односно заменик-член на Управниот одбор трае до истекот на мандатот на членот на чие место е назначен.

(5) До назначување нов член на Управниот одбор, функцијата член ја врши заменик-членот, а до изборот на нов претседател на Управниот одбор функцијата претседател ја врши заменик-претседателот на Управниот одбор.

## 2. Директор и заменик

### Директор и заменик на директорот

Член 15

(1) Директорот е раководен и извршен орган на Академијата и истиот има заменик.

(2) Директорот и заменикот се именуваат за време од четири години, со право на уште еден избор.

(3) Заменикот го заменува директорот во случај кога тој е отсутен, или кога поради болест и други причини не е во можност да ја врши својата функција.

(4) Заменикот врши работи од надлежност на директорот што тој ќе му ги довери, а припаѓаат во неговиот делокруг на работни задачи.

(5) Директорот и заменикот ги именува Управниот одбор врз основа на јавен оглас кој се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија", на веб-страницата на Академијата и во најмалку два дневни весника од кои еден од весниците кои се издаваат на македонски јазик и еден од весниците кои го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(6) Управниот одбор е должен одлуката за распишување на јавен оглас за избор на директор и заменик да ја донесе најмалку три месеци пред истекот на мандатот на директорот, односно заменикот.

(7) Рокот за пријавување на јавниот оглас е 15 дена од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".

(8) За директор, односно заменик се именува лице со најмалку осум години работен стаж како судија во судовите или јавен обвинител во јавните обвинителства во Република Северна Македонија, судија во Уставниот суд на Република Северна Македонија или во меѓународен суд.

(9) Годините работен стаж од ставот (8) на овој член ги опфаќаат вкупниот работен стаж остварен во наведените органи како судија и јавен обвинител.

(10) Лицето кандидат за директор, односно заменик, покрај високите професионални и стручни квалитети и резултати во работењето, треба да ги исполнува и следниве услови:

- активно да познава еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски), што се докажува со поседување меѓународно признат сертификат издаден од официјален европски тестатор, член на здружението ALTE на европски тестатори на Б2 (B2) нивото на ЦЕФР (CEFR), односно ИЕЛТС со 5-6 поени, ФЦЕ, БЕК В, ИЛЕК, ИКФЕ, БУЛАТС, или АПТИ Б2 ниво ЦЕФР (CEFR), или ТОЕФЕЛ ПБТ најмалку 500 бода, ТОЕФЕЛ ЦБТ најмалку 175 бода или ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 60 бода, или ДЕЛФ, ТЦФ, ТЕФ, или Гете сертификат, ТестДаФ,
- со правосилна пресуда да не е осудено за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци и
- со правосилна пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност за кривично дело или прекршок поврзани со злоупотреба на судиската или јавнообвинителската функција.

(11) Начинот на именување и разрешување на директорот и заменикот поблиску се уредува со Статутот.

**Права и должности на директорот**

Член 16

Директорот ги има следниве права и должности:

- раководи со работењето на Академијата,
- ја застапува и ја претставува Академијата пред домашните и пред меѓународните институции,
- ги извршува одлуките на Управниот одбор,
- ја координира и организира работата на Академијата,
- се грижи за обезбедување услови за секојдневно функционирање на Академијата,
- поднесува Предлог-програма за работа на Академијата,
- поднесува годишен извештај за работата на Академијата,
- учествува во изготвувањето на сите програми за обука од надлежност на Академијата,
- учествува во работата на Управниот одбор и претседава со седниците на Програмскиот совет,
- предлага листа на предавачи врз основа на мислењето на Програмскиот совет,
- воспоставува соработка со сродни институции,
- донесува акт за внатрешна организација и систематизација на работните места,
- раководи со Службата за стручно - технички работи на Академијата,
- управува со финансиските средства и со имотот на Академијата, за што поднесува Предлог - финансиски план и Предлог - план за јавни набавки до Управниот одбор,
- предлага изменување и дополнување на Статутот и другите општи акти на Академијата,
- одговара за законитоста во работењето на Академијата и
- врши и други работи согласно со овој закон, Статутот и со општите акти на Академијата.

**Плата на директор и на заменик**

Член 17

(1) Платата на директорот се определува на нивото на плата на судија во Врховниот суд, утврдена со закон.

(2) Платата на заменикот се определува на нивото на плата на судија во апелационен суд, утврдена со закон.

(3) Директорот и заменикот имаат право на додаток на плата заради заштита на угледот на институцијата и доверливоста во работењето, а чија висина поблиску се уредува со акт на Академијата.

**Престанок на мандатот и разрешување на директорот и заменикот**

Член 18

(1) На директорот и на заменикот им престанува мандатот:

- поради истекот на времето за кое се именувани:
- поради смрт,
- на негово барање,
- ако со правосилна одлука е разрешен од функцијата судија или јавен обвинител,
- ако е утврдена трајна неспособност за работа и
- со исполнување на условите за старосна пензија.

(2) Директорот и заменикот се разрешуваат пред истекот на мандатот за кој се именувани ако:

- со правосилна пресуда му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- со правосилна судска одлука е осуден за кривично дело на казна затвор во траење над шест месеци или пократка казна или прекршочна санкција што го прави недостоен за вршење функцијата директор, односно заменик ,
- постапи спротивно на одредбите од прописите од областа на спречувањето на корупцијата и судирот на интереси.

(3) Управниот одбор со одлука го констатира настапувањето на условите за престанок на мандатот на директорот, односно заменикот или за негово разрешување.

(4) Директорот, односно заменикот има право на управен спор пред надлежен суд против одлуката на Управниот одбор за негово разрешување.

(5) До именувањето директор, но не подолго од три месеци, должноста ја врши заменикот.

(6) Ако Академијата нема заменик-директор или неговиот мандат е истечен, Управниот одбор ќе определи вршител на должноста директор од редот на судиите и јавните обвинители кои се членови на Управниот одбор, во времетраење не подолго од три месеци.

(7) Функцијата член на Управниот одбор, место членот кој е определен за вршител на должноста директор, ја врши заменикот-член сè до именувањето нов директор на Академијата, но не подолго од три месеци.

**3. Програмски совет**

**Состав на Програмскиот совет**

Член 19

(1) Програмскиот совет е стручен орган на Академијата.

(2) Програмскиот совет е составен од седум члена и нивни заменици, кои ги назначува Управниот одбор.

(3) За член и заменик-член на Програмскиот совет може да биде назначен:

- судија или јавен обвинител со најмалку осум години работен стаж како судија и/или јавен обвинител,
- редовен или вонреден професор по правни науки со најмалку осум години работно искуство во одредена правна област по стекнување на академското звање доктор на науки и
- раководен државен службеник од Министерството за правда со најмалку осум години работен стаж на работи од областа на правосудството по положен правосуден испит.

(4) Номинацијата на членовите и на нивните заменици на Програмскиот совет, имајќи ја предвид нивната лична биографија, се врши на начин што:

- Советот на јавните обвинители номинира еден член и негов заменик од редот на јавните обвинители,
- министерот за правда номинира еден член и негов заменик од редот на раководните административни службеници во Министерството за правда,
- Врховниот суд на општа седница номинира еден член и негов заменик и тоа од редот на судиите на Врховниот суд,
- Јавното обвинителство номинира еден член и негов заменик од редот на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија и
- Судскиот совет номинира еден член и негов заменик од редот на судиите.

(5) Изборот на два члена од редот на редовни или вонредни професори по правни науки се остварува преку јавен повик, врз основа на одлука на Управниот одбор.

(6) Мандатот на членовите на Програмскиот совет и нивните заменици трае четири години, со право на уште еден избор.

(7) Еден месец пред истекот на мандатот од ставот (6) на овој член, се номинираат членови и заменици-членови за Програмскиот совет.

(8) Членови на Програмскиот совет и нивни заменици не можат да бидат членови и замениците-членови во Управниот одбор, Комисијата за приемен испит (во натамошниот текст: Приемна комисија), Комисијата за завршен испит (во натамошниот текст: Завршна комисија) и Комисијата за ревизија на одржаните испити.

(9) Членовите на Програмскиот совет и нивните заменици можат да бидат предавачи во Академијата.

**Надлежност на Програмски совет**

Член 20

Програмскиот совет на Академијата:

- донесува деловник за својата работа,
- утврдува Предлог-програма за приемен испит, почетна обука и завршен испит,
- утврдува Предлог-програми за континуирана (задолжителна и доброволна) обука,
- утврдува Предлог – програма за новоизбраните судии во основните судови и јавни обвинители во основните јавни обвинителства,
- утврдува предлог-програма за специјализирана обука на судиите поротници, судските службеници и други специјализирани програми,
- го следи реализирањето на програмите и нивната ефикасност и успешност,
- ги следи и обновува програмите за обука,
- дава насоки за наставните методи и техники,
- дава мислење за листата на предавачи,
- врши оценување и евалуација на работата на предавачите на Академијата,

- врши оценување и евалуација на работата на менторите,
- врши верификација на базите на прашања и базите на студии на случај,
- дава совети, предлози и сугестии на органите на Академијата за подобрување на квалитетот на наставата и
- врши други работи согласно со овој закон, Статутот и актите на Академијата.

**Начин на работа на Програмскиот совет**

Член 21

(1) Седниците на Програмскиот совет ги свикува и со нив раководи директорот на Академијата.

(2) Седниците на Програмскиот совет се одржуваат доколку се присутни мнозинството од вкупниот број членови, а одлуките се донесуваат со мнозинство гласови.

(3) Во случај кога членот на Програмскиот совет е спречен да присуствува на закажана седница на Програмскиот совет е должен благовремено да ја извести Академијата, а на седницата се поканува да присуствува неговиот заменик-член, на кој му се доставуваат дневниот ред и материјалите за седницата.

(4) Програмскиот совет може да ги одржува седниците и преку телефонска или друга видеоконференциска врска.

(5) На седниците на Програмскиот совет можат да присуствуваат предавачите и менторите, како и други лица кои со своите стручни, професионални знаења и искуства можат да дадат придонес за подобрување на наставата во Академијата.

(6) За секоја седница се води записник, кој го потпишуваат директорот и записничарот.

(7) Записникот од ставот (6) на овој член го води и врши други стручни и административни работи за потребите на Програмскиот совет вработено лице во Службата за стручно – технички работи на Академијата, определено со актот за систематизација на работните места или со одлука на директорот.

**Надоместок на членовите на Програмскиот совет**

Член 22

(1) Членовите на Програмскиот совет, со исклучок на директорот, имаат право на месечен паричен надоместок согласно со актите на Академијата.

(2) Надоместокот од ставот (1) на овој член се утврдува согласно со актите на Академијата и се определува врз основа на обемот на извршените работни задачи и не може да биде повисок од 45% од просечната месечна плата исплатена во Републиката во последните три месеци.

(3) Членовите на Програмскиот совет кои имаат живеалиште или престојувалиште надвор од седиштето на Академијата, имаат право и на надоместок на реално направените патни трошоци, согласно со актите на Академијата.

(4) Месечниот надоместок предвиден за работа на членот на Програмскиот совет се исплаќа на членот и на заменикот-член пропорционално на бројот на седници на коишто присуствувал во тековниот месец за кој се врши исплатата.

**Престанок на мандатот и разрешување член на Програмскиот совет**

Член 23

(1) На член и на заменик - член на Програмскиот совет му престанува мандатот:
- со истек на времето за кој е назначен или избран,
- по негово барање,
- поради смрт,

- ако му престане функцијата или работниот однос во органот каде што ја извршувал функцијата или работи и

- ако е спречен да ја врши функцијата подолго од шест месеци поради болест или поради други причини.

(2) Член и заменик-член на Програмскиот совет се разрешуваат пред истекот на мандатот за кој се именувани:

- ако повеќе од два месеца не присуствуваат на седниците на Програмскиот совет без оправдани причини и не ги извршуваат преземените обврски и

- ако постапат спротивно на одредбите од прописите од областа на спречувањето на корупцијата и судирот на интереси.

(3) Најдоцна во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката за разрешување, односно престанок на мандатот на член, односно заменик-член на Програмскиот совет, се номинира новиот член, согласно со овој закон.

(4) Мандатот на новоназначениот член, односно заменик-член на Програмскиот совет трае до истекот на мандатот на членот, односно заменикот на чиешто место е назначен.

(5) До назначување на нов член на Програмскиот совет работата на членот ја врши заменикот-член.

## III. ПРЕДАВАЧИ, МЕНТОРИ И КОМИСИЈА ЗА РЕВИЗИЈА

### Предавачи на Академијата

Член 24

(1) Предавачите се стручни лица за спроведување на програмите за обука во Академијата.

(2) Предавачи на Академијата можат да бидат домашни и странски судии, јавни обвинители и универзитетски професори, како и адвокати, нотари, медијатори, извршители, раководни и други искусни административни, судски и јавнообвинителски службеници и стручни лица со докажано искуство во области опфатени со програмите за обука во Академијата.

(3) За предавач може да биде определено лице кое има најмалку осум години работно искуство од правни области како судија, јавен обвинител или стручно лице во определена област.

(4) Листата на предавачи Академијата ја ажурира најмалку еднаш годишно, при што ќе се земе предвид:

- квалитетот на спроведената обука,
- подготвеноста за активно вклучување во процесот на обуката и
- навремена подготовка на програма и материјали за обуки.

(5) Академијата ангажира предавачи од листата на предавачи, како и предавачи по потреба.

(6) За потребите на едукативниот процес Академијата организира обука за тренинг на предавачи (тренери) за наставни техники и методи.

(7) Начинот на изготвувањето, бројот и составот на листата на предавачите, начинот на ангажирање, како и поблиските критериуми за евалуација на предавачите на почетната и континуираната обука, се уредува со акт на Академијата.

(8) Како предавачи во почетна обука не можат да бидат избрани членовите на Управниот одбор и нивните заменици, членовите на Приемната комисија и нивните заменици, членовите на Комисијата за ревизија на одржаните испити, како и членовите на Завршната комисија и нивните заменици.

(9) Предавачи во обласа на континуираната обука можат да бидат членовите на Управниот одбор и нивни заменици, директорот и заменикот, без надоместок.

**Предавачи по потреба**

Член 25

(1) Академијата може да ангажира и предавачи по потреба.

(2) Предавачи по потреба се стручни лица кои се ангажираат за одделна обука или циклус на обуки по определени правни области, како и за обуки за општи теми и комплементарни и неправни области од редот на истакнати стручни лица во односната област за која се ангажираат како медицина, компјутерски технологии, странски јазици, социологија, комуникациски науки, економија, психологија и од други науки поврзани со темите од програмите за обука.

(3) Академијата води евиденција на ангажирани предавачи по потреба и за тоа годишно го информира Управниот одбор.

**Надоместоци на предавачите**

Член 26

Предавачите имаат право на надоместок во зависност од извршената работа, односно реализираните наставни часови, обемот на подготвени прашања и студии на случај за испит, ангажман по експертски ден и слично, кој поблиску се уредува со посебен акт на Академијата.

**Ментори**

Член 27

(1) Ментори можат да бидат судии и јавни обвинители, обучени од ментори од страна на Академијата со најмалку осум години судиски или јавнообвинителски стаж, континуирано оценувани со позитивна оцена од страна на органот што ја следи и ја оценува нивната работа, а кои ја спроведуваат втората фаза од почетната обука - практичната настава. Менторите ја следат и ја оценуваат работата на слушателите за кои се задолжени.

(2) Менторите ги подготвуваат слушателите за самостојно, одговорно, независно и непристрасно вршење на работните должности.

(3) Листата на ментори, по предлог на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, ја утврдува Управниот одбор.

(4) За ментори не може да бидат избрани членовите и замениците-членови на Управниот одбор, Програмскиот совет, Приемната комисија, Завршната комисија, членови на Комисијата за ревизија на одржаните испити, претседателите и членовите на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, како и претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства во Република Северна Македонија.

(5) Менторите имаат право на паричен надоместок чијашто висина е во зависност од бројот на менторските недели, менторираните слушатели и од времетраењето на нивниот менторски стаж.

(6) Поблиските услови за времетраењето на менторството, начинот на водење на менторскиот дневник, следењето на слушателите за начинот на остварувањето на нивните работни обврски, евалуација на менторскиот процес и на менторите, како и надоместоците на менторите согласно со ставот (4) на овој член се уредуваат со акт на Академијата.

**Приемна комисија и Завршна комисија**

Член 28

(1) Приемниот испит се полага пред Приемната комисија, а завршниот испит се полага пред Завршната комисија.

(2) Членовите на Приемната и на Завршната комисија во својата работа ќе се раководат од принципите на објективност, тајност и еднаквост кон кандидатите.

(3) Комисиите од ставот (1) на овој член ги одржуваат испитите во полн состав.

(4) Комисиите од ставот (1) на овој член се составени од по седум члена и нивни заменици со мандат од една испитна сесија за една генерација кандидати, со право на уште еден избор.

(5) Управниот одбор ги именува комисиите од ставот (1) на овој член во состав: два члена и нивни заменици по предлог на Судскиот совет од редот на судиите, два члена и нивни заменици по предлог на Советот на јавните обвинители од редот на јавните обвинители, еден член и негов заменик од Здружението на судии, еден член и негов заменик од Здружението на јавните обвинители, еден член и негов заменик по предлог на министерот за правда од редот на раководните административни службеници во Министерството за правда.

(6) За членови и заменици-членови на комисиите од ставот (1) на овој член можат да бидат именувани судии и јавни обвинители со најмалку шест години судиски или јавнообвинителски стаж, како и раководни административни службеници во Министерството за правда со шест години работен стаж на раководна позиција кои во дотогашната професионална кариера се истакнуваат со својата стручност, етичност, докажани резултати во работењето и коишто уживаат висок углед во правосудството.

(7) Управниот одбор ги закажува конститутивните седници на комисиите од ставот (1) на овој член, на кои членовите на комисиите избираат претседател од редот на судиите и јавните обвинители.

(8) Членовите и замениците-членови на Управниот одбор, Програмскиот совет, Комисијата за ревизија на одржаните испити и директорот и заменикот, како и предавачите и менторите, кои во тој период се ангажирани во почетната обука, не можат да бидат членови на комисиите од ставот (1) на овој член.

(9) Член на Судскиот совет или на Советот на јавните обвинители не може да биде член или заменик-член на комисиите од ставот (1) на овој член.

(10) Член или заменик-член на Приемната комисија не може да биде член или заменик-член во Завршната комисија и обратно.

(11) Комисиите од ставот (1) на овој член имаат секретар и негов помошник од редот на вработените лица во Службата за стручно – технички работи на Академијата, определени со одлука на директорот.

(12) За текот и постапката на полагањето на приемниот, односно завршниот испит, претседателите на комисиите од ставот (1) на овој член до Управниот одбор поднесуваат извештај.

(13) Управниот одбор ги усвојува извештаите од ставот (11) на овој член на начин уреден со Статутот на Академијата.

(14) Членовите на Приемната комисија и на Завршната комисија имаат право на паричен надоместок, согласно со актите на Академијата.

**Комисија за ревизија на одржаните испити**

Член 29

(1) Управниот одбор ги именува членовите на Комисијата за ревизија на одржаните испити кои се полагаат согласно со овој закон, во состав од пет члена, и тоа по еден член по предлог од: Судскиот совет, Советот на јавните обвинители, Врховниот суд, Јавното

обвинителство на Република Северна Македонија и Министерството за правда, со мандат од една испитна сесија за една генерација кандидати, со право на уште еден избор.

(2) Членови на Комисијата за ревизија на одржаните испити не смеат да бидат членови на Управниот одбор, Програмскиот совет, Приемната комисија, Завршната комисија, ментор, предавач во почетната обука или директор и заменик.

(3) Комисијата од ставот (1) на овој член, непосредно може да го набљудува одржувањето на испитите или по секој одржан испит врши целосна ревизија на начинот на спроведувањето на испитите предвидени со овој закон.

(4) Комисијата за ревизија на одржаните испити во својата работа ги користи материјалите од одржаните испити, врши увид во тестовите и во студиите на случај за полагање на испитот, како и во снимките од одржаните испити, коишто се чуваат во Академијата.

(5) Комисијата за ревизија на одржаните испити донесува деловник за својата работа, со кој поблиску го уредува начинот на работа и донесувањето на одлуките.

(6) Комисијата за ревизија на одржаните испити на првата седница избира претседател од редот на своите членови.

(7) Комисијата за ревизија на одржаните испити доставува извештај до Управниот одбор за начинот и текот на одржаните испити, кој може да содржи и препораки по однос на идното одвивање на испитниот процес, согласно со закон.

(8) Претседателот и членовите на Комисијата за ревизија на одржаните испити имаат право на надоместок од извршена ревизија, а чија висина поблиску се уредува со акт на Академијата.

## IV. ОБУКА НА КАНДИДАТИ ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

### 1. Прием на почетна обука

**Слушатели на почетната обука**

Член 30

(1) Почетната обука се организира заради стекнување практични и теоретски знаења и вештини, со цел создавање високообучени, самостојни, стручни и ефикасни кандидати, кои поседуваат интегритет и совесност во работењето, за судии и јавни обвинители во основните судови и основните јавни обвинителства како предуслов за почитување на принципите на владеење на правото и заштитата на човековите права и слободи за создавање квалитет на правда во интерес на граѓаните на Република Северна Македонија.

(2) Судскиот совет и Советот на јавните обвинители најдоцна до 31 март во тековната година доставуваат до Академијата одлуки за бројот на слободни места за судии и јавни обвинители во основните судови и основните јавни обвинителства, заедно со проценка за потребите за човечки ресурси по апелациони подрачја за следните две години.

(3) Управниот одбор на Академијата со одлука го определува почетокот на спроведувањето на приемниот испит за почетната обука и бројот на слушатели што ќе бидат запишани во таа генерација на почетна обука, имајќи ги предвид одлуките на Судскиот совет и Советот на јавните обвинители од ставот (2) на овој член.

(4) Слушатели на почетна обука се лица кои по положениот приемен испит се примени на почетна обука според утврдена ранг-листа.

**Услови за прием во почетна обука**

Член 31

(1) Услови за прием во почетната обука се лицето:

- да е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование VII/I степен на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС),
- да има положено правосуден испит,
- да има работен стаж од најмалку две години на правни работи по положен правосуден испит,
- да не му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење професија, дејност или должност,
- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го владее македонскиот јазик,
- да познава еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија, ниво Б1 (англиски, француски или германски), што се утврдува во рамки на приемниот испит во Академијата,
- да поседува знаење за практична работа со компјутери и
- да е работоспособен и да има општа здравствена способност.

(2) Видот на документите кои треба да се приложат согласно со ставот (1) на овој член се уредуваат со акт на Академијата.

**Јавен оглас за прием во почетна обука**

Член 32

(1) Управниот одбор донесува одлука за објавување јавен оглас за прием на слушатели во почетна обука.

(2) Управниот одбор може да донесе одлука за објавување јавен оглас од ставот (1) на овој член и по апелационо подрачје врз основа на одлуките доставени од Судскиот совет и Советот на јавни обвинители.

(3) Јавниот оглас од ставовите (1) и (2) на овој член се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и во најмалку два дневни весника, од кој еден од весниците што се издаваат е на македонски јазик и еден од весниците што се издаваат на јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик како и на веб-страницата на Академијата.

(4) Рокот за пријавување на лицата на јавниот оглас е 15 дена, сметано од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија".

(5) На огласот за прием на слушатели по апелациони подрачја, едно лице може да се пријави на огласот само за едно апелационо подрачје. Постапката за селекција и рангирање на кандидатите за судии и јавни обвинители се одвива за секое апелационо подрачје посебно.

**Право на приговор на подносител**

Член 33

(1) По истекот на рокот за пријавување, Приемната комисија со решение ќе ги отфрли ненавремените и неуредните пријави.

(2) Подносителот на пријавата во рок од два работни дена од приемот на решението од ставот (1) на овој член има право на приговор до Управниот одбор.

(3) Управниот одбор одлуката по приговорот ја донесува во рок од два работни дена.

**Подготвителна настава**

Член 34

(1) Академијата организира подготвителна настава за сите пријавени лица за прием во Академијата.

(2) Подготвителната настава се организира најмалку 30 дена пред денот на одржувањето на приемниот испит.

**Приемен испит**

Член 35

(1) Приемниот испит за почетната обука се состои од полагање на:

- тест за степенот на познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски),
- психолошки тест,
- тест за интегритет,
- квалификациски тест и
- практичен испит.

(2) Тестирањето се одвива по редослед како што се наведени тестовите во ставот (1) на овој член и секој дел е елиминаторен.

(3) Полагањето на писмените делови од приемниот испит се спроведува анонимно, за што Академијата на кандидатот му доделува испитна шифра.

(4) Академијата е должна при спроведување на приемниот испит, а особено при спроведување на психолошкиот тест и тестот за интегритет, да се грижи за заштитата на личните податоци, угледот и за достоинството на кандидатите, согласно со закон.

(5) На барање на лицата кои ги полагале испитите предвидени со овој закон, Академијата им овозможува непосреден увид во тестовите и практичните примери и другите материјали кои биле дел од нивните испити, освен за психолошкиот тест и тестот за интегритет.

(6) За текот на полагањето на секој дел од приемниот испит секретарот на Приемната комисија води записник во кој се забележуваат сите дејства преземени во текот на целата постапка на полагањето на тестот, кој го потпишуваат претседателот, сите членови на Приемната комисија и секретарот.

**Постапка за полагање приемен испит**

Член 36

(1) Постапката за полагање на приемниот испит се спроведува согласно со Програмата за приемен испит која се објавува најмалку три месеци пред полагањето на приемниот испит.

(2) Начинот и поблиските услови за полагање на одделните делови на приемниот испит, се уредуваат со Статутот и актите на Академијата.

**Тест за познавање странски јазик**

Член 37

(1) Тестот за степенот на познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски) се полага писмено и има за цел проверка на нивото на познавање странски јазик, односно дали кандидатите имаат степен на познавање Б1.

(2) Тестот се состои од сто прашања кои се од областа на граматиката, разбирањето и вештината на изразување.

(3) Прашањата и понудените одговори ги подготвуваат предавачите на странски јазик на Академијата или други акредитирани професори на странски јазик.

(4) Начинот на проверката на знаењето поблиску се уредува со посебен акт на Академијата.

(5) Кандидатите се известуваат по писмен или електронски пат дали го положиле тестот.

(6) Против резултатите од тестот за активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски и германски) не е дозволен посебен приговор.

(7) Доколку кандидатот не го положил тестот тој го губи правото за натамошно полагање на испитите.

**Психолошки тест и тест за интегритет**

Член 38

(1) Психолошкиот тест има за цел да ги процени социјалните способности на кандидатите за вршење на функцијата судија и јавен обвинител.

(2) Тестот за интегритет има за цел проверка на етичките и моралните вредности на кандидатот, врз основа на етичките и професионалните кодекси за вршење на функцијата судија или јавен обвинител и се спроведува врз основа на стандардно утврдена листа на прашања со заштитен идентитет.

(3) Психолошкиот тест и тестот за интегритет се оценуваат со оцена „задоволува” и „не задоволува”.

(4) Пријавеното лице кое добило оцена „не задоволува” на психолошкиот тест се смета дека не го положило истиот и го губи правото за натамошно полагање на испитите.

(5) Пријавеното лице кое добило оцена „не задоволува” на тестот за интегритет не може да го полага квалификацискиот тест и го губи правото за натамошно полагање на испитот.

(6) Против резултатите од психолошкиот тест и тестот за интегритет не е дозволен посебен приговор.

(7) За спроведување на психолошкиот тест и тестот за интегритет Академијата ангажира стручни лица од независна и соодветно акредитирана професионална институција.

(8) Тестовите од ставот (1) на овој член се спроведуваат врз основа на меѓународно признати тестови за вршење на функцијата судија или јавен обвинител.

**Квалификациски тест**

Член 39

(1) Квалификацискиот тест се полага по електронски пат, со цел проверка на знаењето на пријавените кандидати од областа на материјалното и процесното право, меѓународното право, правото на Европската Унија и најзначајните пресуди на Европскиот суд за човекови права.

(2) Квалификацискиот тест содржи сто прашања, од кои:

- 20 од областа на кривичното право,
- 30 од областа на граѓанското право,
- 15 од областа на меѓународното право,
- 15 од областа на правото на Европската Унија,
- 10 од областа на уставното право,
- 10 од областа на управното право.

(3) Прашањата и понудените одговори ги подготвуваат предавачите на Академијата, при што за секоја област се изготвуваат најмалку десет пати повеќе прашања од предвидениот број на прашања за квалификацискиот тест.

(4) Предавачите од ставот (3) на овој член подготвуваат по три одговори за секое прашање, од кои едниот е точен и носи бодови.

(5) Подготвените прашања заедно со понудените одговори (клучот) имаат карактер на службена тајна со степен интерно.

(6) Подготвените прашања предавачите ги внесуваат во електронскиот систем за полагање.

(7) Предавачите кои ги изготвуваат прашањата и студиите на случај, потпишуваат изјава за тајност и се одговорни доколку ја повредаат таа обврска.

**Начин на спроведување на квалификацискиот тест**

Член 40

(1) Тестот се полага во просторија за полагање испит, посебно опремена за полагање на испитот со материјално - техничка и информатичка опрема, интернет врска и опрема за снимање на полагањето.

(2) Полагањето на тестот се врши пред Приемната комисијата во полн состав и се снима.

(3) Електронскиот систем за полагање на тестот не може да дозволи постоење идентична содржина на електронскиот тест за повеќе од еден кандидат во групата во која полага.

(4) Резултатите од полагањето од тестот му се достапни на кандидатот на компјутерот на кој го полагал тестот, веднаш по неговото завршување.

(5) По завршување на електронското тестирање се објавуваат резултатите на кандидатите изразени во бодови под нивните испитни шифри.

(6) Начинот на спроведување на квалификацискиот тест поблиску се уредува со акт на Академијата.

**Електронски систем за полагање тестови**

Член 41

Спроведувањето на тестовите кои се полагаат по електронски пат согласно со овој закон, овластеното правно лице кое технички го спроведува испитот е должно да го блокира радиофрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот.

**Единствен електронски систем за тестови**

Член 42

(1) Прашањата содржани во квалификацискиот и практичниот тест за полагање на испитот и нивните одговори се чуваат во единствениот електронски систем за тестови.

(2) Единствениот електронски систем содржи јавно достапна база од најмалку 1.000 прашања од областа на утврдените предмети за потребите на подготовка за квалификацискиот тест, кои се објавуваат јавно и се обновуваат еднаш годишно.

(3) Електронскиот систем од ставот (1) на овој член содржи јавно достапна база од најмалку 300 студии на случај, кои се со приближно еднаква тежина и сложеност, од кои 150 кривични и 150 граѓански, изготвени од страна на предавачите.

**Техничка неможност на функционирање на електронскиот систем**

Член 43

(1) Ако за време на полагањето на тестот се појават технички проблеми со компјутерот кои се отстранети најмногу за 15 минути, испитот на кандидатот му се продолжува за истиот временски период, а доколку не бидат отстранети во овој рок, испитот само за тој кандидат се прекинува и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(2) Ако има проблеми со повеќе од половината компјутери и тие не бидат отстранети во рок од 15 минути, испитот се прекинува за сите кандидати кои го полагаат испитот и ќе се одржи во рок од најмногу три дена од денот на прекинувањето на испитот.

(3) Овластените лица кои го спроведуваат испитот, за време на полагањето на испитот не смеат да се задржат во непосредна близина на кандидатот што го полага испитот, освен во случај на отстранување технички проблем, кога информатичарот не смее да се задржи подолго од 10 минути.

**Оценување на квалификацискиот тест**

Член 44

(1) На квалификацискиот тест можат да се освојат најмногу 100 бода.

(2) Точниот одговор на секое прашање се бодува со 1 бод, при што секое одделно прашање од тестот може да се одговори со селектирање на само еден од трите понудени одговори.

(3) Се смета дека пријавеното лице кое добило 60 бода или помалку на квалификацискиот тест, не го положило квалификацискиот тест и нема право да го полага останатиот дел од приемниот испит.

**Практичен испит**

Член 45

(1) Практичниот испит има за цел проверка на севкупните правни знаења и способности на кандидатите за прием и посетување на програмата за почетна обука, а се состои од:

- писмен дел и
- устен дел.

(2) Практичниот испит се полага најмногу во рок од 10 дена од објавувањето на конечните резултати од квалификацискиот тест.

(3) Писмениот дел се состои од испитна задача за решавање две студии на случај (една од кривичен и една од граѓански судски предмет).

(4) Во усниот дел на практичниот испит секој член на Приемната комисија може да му постави на кандидатот по едно прашање поврзано со материјата на студиите на случај.

(5) Начинот на полагањето на писмениот и на усниот дел на практичниот испит, се уредува со акт на Академијата.

(6) Изборот на студиите на случај се врши со ждрепка.

(7) Усниот дел од испитот се спроведува од страна на Приемната комисија во рок од најмногу седум работни дена по завршувањето на писмениот дел и истиот се снима.

(8) Начинот на бодирање на испитот се уредува со подзаконски акт на Академијата.

(9) На писмениот дел од испитот кандидатите можат да добијат најмногу 70 бода (35 бода од кривичниот судски предмет и 35 бода од граѓанскиот судски предмет).

(10) Поблиски критериуми по кои секој член на Приемната комисија го оценува писмениот дел од испитот, се уредува со подзаконски акт на Академијата.

(11) Конечните бодови од писмениот дел од практичниот испит се пресметуваат на начин што се пресметува една аритметичка средина од вкупниот збир на добиени бодови од секој член на Приемната комисија поделена со бројот на членови на комисијата, изразена во броеви до втора децимала.

(12) Оценувањето од ставот (9) на овој член се врши на студии на случај анонимизирани со шифра.

(13) На усниот дел од испитот кандидатите може да добијат најмногу 30 бода, со тоа што секој член на Приемната комисија го оценува одговорот на кандидатот со најмногу пет бода.

(14) Конечните бодови од писмениот дел на практичниот испит се пресметуваат на начин што се пресметува една аритметичка средна вредност од вкупниот збир на добиени бодови од секој член на Приемната комисија поделено со бројот на членови на Комисијата, изразена во броеви до втора децимала.

(15) На практичниот испит можат да се освојат најмногу 100 бода.

**Утврдување и објавување на резултатите од квалификацискиот и од практичниот испит**

Член 46

(1) Врз основа на добиените резултати од двата дела на испитот, односно нивниот аритметички збир, Приемната комисија изготвува прелиминарна ранг-листа и ја објавува најдоцна во рок од два работни дена по завршување на полагањето на испитот, за што Приемната комисија составува записник, кој го потпишуваат членовите на Приемната комисија и секретарот.

(2) Врз основа на добиените резултати од двата дела на испитот се добива крајна оценка која претставува нивни аритметички збир, а која оценка се добива на начин што бројот на освоени бодови се дели со 10.

(3) На двата дела од испитот може да се освојат максимални 200 бода, односно оценка 20.

(4) Записникот се смета за веродостоен доколку е потпишан од мнозинството од членовите кои треба да го потпишат.

(5) Ранг-листата се објавува на огласната табла и на веб-страницата на Академијата.

**Право на приговор на постигнатиот резултат на тестирањето**

Член 47

(1) Кандидат кој смета дека погрешно му е пресметан збирот на бодовите од квалификацискиот тест и од практичниот испит има право на приговор до Приемната комисија во рок од еден работен ден од денот на објавувањето на резултатите на веб-страницата и на огласната табла на Академијата.

(2) Приемната комисија е должна по приговорот да одлучи најдоцна во рок од три работни дена, сметано од денот на приемот на приговорот.

(3) Против одлуката на Комисијата од ставот (2) на овој член кандидатот има право на жалба до Управниот одбор во рок од три работни дена од денот на приемот на одлуката.

(4) Управниот одбор одлуката по жалба ја донесува најдоцна во рок од три работни дена, сметано од истекот на рокот за поднесување на жалби против одлуките на Приемната комисија.

(5) Против одлуката на Управниот одбор од ставот (4) на овој член незадоволниот кандидат во рок од три дена од денот на приемот на одлуката може да поведе управен спор пред Управниот суд.

(6) По тужбата од ставот (5) на овој член Управниот суд одлучува во рок од пет дена.

(7) Против одлуката на Управниот суд од ставот (6) на овој член е дозволена жалба до Вишиот управен суд во рок од три дена од денот на приемот на одлуката на Управниот суд.

(8) Вишиот управен суд по жалбата од ставот (7) на овој член одлучува во рок од пет дена од приемот на жалбата.

**Прием на слушатели**

Член 48

(1) По правосилноста на одлуките од членот 47 од овој закон Приемната комисија ја објавува ранг-листата со конечните резултати на кандидатите кои го полагале испитот на веб- страницата на Академијата.

(2) Приемот на кандидатите се врши врз основа на редоследот на успехот на ранг-листата до пополнување на предвидениот број слушатели утврден со одлуката од членот 30 став (3) од овој закон.

(3) Пополнувањето на предвидениот број слушатели се врши доколку кандидатите освојат најмалку 70% од вкупниот број поени на приемниот испит.

(4) Доколку некои кандидати имаат иста конечна оценка, предност има кандидатот што има подолг стаж на правни работи по положен правосуден испит а, доколку и тие се исти, предност има кандидатот што имал подобра просечна оценка на студиите.

(5) Доколку примениот кандидат се откаже од почетната обука, е должен за тоа да ја извести Академијата најдоцна 15 дена пред почетокот на теоретската настава.

(6) Во случајот од ставот (5) на овој член, Академијата го пополнува слободното место со првиот нареден кандидат од конечната ранг-листа на слушатели на почетна обука.

(7) Начелото на соодветна и правична застапеност на граѓаните се остварува врз база на одлука на Управниот одбор на начин што бројот на слушатели од редот на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници на Република Северна Македонија се утврдува во однос на вкупниот број слушатели од сите апелациони подрачја.

**Начин на постапување со испитните документи и нивно чување**

Член 49

(1) Материјалите од испитите предадени од кандидатот ќе бидат приклучени кон персоналното досие на успешните кандидати во Академијата и со нив се постапува согласно со Законот за заштита на личните податоци и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а се чуваат според правилата за архивско работење.

(2) Исклучок од ставот (1) на овој член е доколку тестовите и материјалите бидат цел на судска постапка.

(3) На кандидатите коишто не го положиле тестот им се враќаат документите приложени кон пријавата, а нивните тестови и другите испитни материјали, како и снимките од електронскиот испит, се чуваат во архивата според правилата за архивско работење.

**2. Почетна обука**

**Статус на слушателите на почетната обука**

Член 50

(1) Со стекнување статусот на слушател на почетната обука во Академијата, слушателот заснова работен однос на определено време со Академијата за периодот на спроведување на почетната обука до избор за судија или јавен обвинител, за кој период важат општите прописи за работни односи, здравствено осигурување и овој закон.

(2) За време на траењето на работниот однос од ставот (1) на овој член, слушателот на почетната обука има право на плата на виш судски/јавнообвинителски советник во основен суд/основно јавно обвинителство и други надоместоци од плата согласно со закон.

(3) Начинот на спроведувањето на почетната обука, како и правата и обврските на слушателите на почетната обука, се уредуваат со Статутот и со актите на Академијата.

(4) По положувањето на завршниот испит, кандидатите за судии и јавни обвинители остануваат со работен однос во Академијата, сè до нивниот избор за судии, односно обвинители. За тоа време, кандидатите за судии и јавни обвинители се распоредуваат на работа во судовите односно јавните обвинителства, во координација со Судскиот совет и со Советот на јавни обвинители и врз база на специјализирана програма донесена од Академијата.

(5) Доколку слушателот во текот на почетната обука се откаже, ја прекине обуката или неуспешно ја заврши, е должен да ги надомести трошоците и другите надоместоци за неговото обучување по утврдена пресметка на реални трошоци, согласно со подзаконски акт на Академијата.

(6) Слушателот на почетната обука нема да ги надомести трошоците од ставот (5) на овој член доколку се откажал или ја прекинал обуката од здравствени причини, лични или на близок член на семејството со кое живее, коишто оневозможуваат посетување на обуката подолго од два месеца, што се докажува со лекарско уверение и друга соодветна документација.

(7) Во случај на потреба од користење породилно отсуство, односно боледување подолго од 60 дена, кое ќе се јави непосредно пред започнување на теоретската настава, слушателот на почетна обука започнува со слушање на теоретска настава со наредната редовна генерација на слушатели на почетна обука. Во тој случај, со цел да се запази утврдениот број кандидати за судии и јавни обвинители објавен со огласот за тековната генерација, неговото место ќе се пополни со наредниот слушател од конечната ранг листа на положени кандидати согласно со членовите 7 и 48 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители.

(8) Слушателот кој го користи правото да започне со слушање на теоретската настава со наредната генерација слушатели во почетна обука во случај на користење породилно отсуство, односно боледување подолго од 60 дена, правата од работен однос ќе ги користи од моментот на потпишувањето договор за работен однос со Академијата согласно со ставот (1) на овој член со останатите слушатели од наредната генерација.

**Содржина и времетраење на почетната обука**

Член 51

(1) Почетната обука опфаќа примена на материјалните и процесните закони, судиската и јавнообвинителската практика и етика, меѓународните и европските правни стандарди, човекови права, научните и стручните трудови во областа на домашното и меѓународното право, како и вештините на судиската и јавнообвинителската функција.

(2) Почетната обука за слушателите трае 24 месеци и се одвива во две фази и тоа:

- прва фаза - теоретска настава во Академијата во траење од девет месеци и
- втора фаза - практична настава во судовите и јавните обвинителства и други институции, во согласност со програмата за почетна обука во траење од 15 месеци.

(3) Судот, односно јавното обвинителство во кое слушателот ќе ја посетува втората фаза од почетната обука се одредува регионално, според апелационото подрачје во кое слушателот има живеалиште, односно престојувалиште, односно за апелационото подрачје за кое се пријавиле на конкурсот.

(4) Менторите задолжени за работа со слушателите се должни да водат сметка за редовното доаѓање на работа, исполнување на планираната програма, работните обврски и напредокот од страна на слушателите, за што доставуваат редовни неделни извештаи до Академијата.

**Оценување на почетна обука (прва фаза)**
Член 52

(1) Предметите што се изучуваат во текот на теоретската настава се поделени на три модули, кои се спроведуваат и се полагаат последователно.

(2) Оценувањето на постигнатиот успех се врши со тестови за проверка на знаењето коишто се спроведуваат по завршувањето на секој поединечен модул од теоретската настава.

(3) Содржината на тестовите, начинот на оценување и полагање на секој од модулите, поблиску се уредуват со посебен акт на Академијата.

(4) Во случај слушателите да не положат успешно еден или повеќе модули, на крајот на теоретската настава имаат можност да го повторат тестирањето уште еднаш на крајот на сите три модули за модулот на кој не положиле.

(5) Врз основа на збирните резултати од тестирањата по завршувањето на теоретската настава се составува ранг-листа на слушателите и се објавува на веб страницата на Академијата.

(6) Максималниот број на освоени бодови од сите три модули изнесува вкупно 30 бода. На кандидатот кој и по повторно тестирање не добие 21 бод како минимално утврден број бодови, му престанува статусот слушател на почетната обука.

**Оценување на почетна обука (втора фаза)**
Член 53

(1) По успешното полагање на теоретскиот дел од почетната обука, слушателите продолжуваат со втората фаза – практична настава, која ги опфаќа судискиот / јавнообвинителскиот дел од практичното работење, за слушателите согласно со програмата за практична настава.

(2) Во текот на практичната настава секој слушател може да освои најмногу до 20 бода.

(3) Оценувањето има за цел:

- да го поттикне слушателот за учество во сите активности,
- да ги верификува постигнатите способности и вештини и
- да ги оцени неговата подготвеност за извршување на судиската/јавно обвинителската функција.

(4) Начинот на оценување по завршување на практичната настава поблиску се уредува со посебен акт на Академијата.

**Завршен испит**
Член 54

По завршувањето на практичната настава слушателите на почетната обука полагаат завршен испит на кој се проверуваат практичните знаења и способност стекнати во почетната обука за извршување на функцијата судија во основните судови или јавен обвинител во основните јавни обвинителства, односно:

- способност за писмена изработка на пресуди, решенија и обвинителни акти,
- способност за водење на постапката како судија или јавен обвинител и
- ставовите и односот кон професионалното и етичкото вршење на судиската, односно јавнообвинителската функција.

**Постапка за полагање пред Завршната комисија**
Член 55

(1) Право да полагаат завршен испит имаат сите слушатели кои успешно ја завршиле практичната настава од почетната обука.

(2) Слушател го губи правото за полагање на завршниот испит доколку изостане од полагање на кој било дел од завршниот испит, а тоа не го оправда.

(3) Слушателот може да бара од Завршната комисија одлагање на полагањето на завршниот испит од оправдани причини.

(4) Во случаите од ставот (3) на овој член Завршната комисија одлучува во рок од 48 часа од приемот на барањето.

**Содржина на завршниот испит**

Член 56

(1) Завршниот испит се состои од три дела:

1. Писмен дел;
2. Симулација на судење и
3. Устен дел.

(2) Писмениот дел на завршниот испит се состои од два дела:

- писмена изработка на пресуда/решение во граѓански или кривичен случај и
- пишување обвинителен акт.

(3) Оценувањето од ставот (2) на овој член се врши на студии на случај анонимизирани со шифра.

(4) Симулацијата на судење се реализира според однапред избрани и подготвени граѓански и кривични случаи.

(5) Усниот дел на завршниот испит се спроведува во форма на непосреден разговор со кандидатот на кој му се поставуваат четири прашања и тоа:

- едно прашање во врска со изготвената пресуда/решение од материјалното право,односно
- едно прашање во врска со изготвениот обвинителен акт од материјалното право,
- едно прашање во врска со реализираната улога во симулацијата од процесното право,
- едно прашање за оценувањето на ставовите и односот кон професионалното и етичкото вршење на судиската, односно јавнообвинителската функција.

(6) Изборот на предметите од ставот (1) на овој член се врши по пат на ждрепка.

(7) При полагање на практичниот (писмениот) дел од завршниот испит, е дозволено користење закони (без коментари и објаснувања), кои во електронска верзија се наоѓаат на компјутерот на кој кандидатот го полага практичниот (писмениот дел).

(8) Содржината на завршниот испит поблиску се уредува со подзаконски акт на Академијата.

(9) Вкупниот број бодови кои слушателите можат да ги добијат на завршниот испит изнесува 100 бода и тоа: 35 бода од писмениот дел, 35 бода од симулација на судење и 30 бода од усниот дел од испитот.

(10) Конечните бодови од Завршниот испит се добиваат на начин што се пресметува една аритметичка средна вредност од вкупниот збир добиени бодови од секој член на Завршната комисија, изразен во броеви до втора децимала.

(11) Врз основа на добиените бодови, чиј максимум е 100 бода, се добива крајната оценка која претставува збирна оценка од сите три дела од испитот, а која оценка се добива на начин што бројот на освоени бодови се дели со 10.

(12) Се смета дека слушателот кој добил оценка седум или помалку не го положил завршниот испит.

(13) Начинот на полагање, содржината на испитниот материјал и начинот на оценување при полагањето на завршниот испит се уредува со подзаконски акт на Академијата.

**Оценување на завршниот испит**

Член 57

(1) Слушателот на почетната обука кој не го положил завршниот испит има право на повторно полагање на завршниот испит во рок од шест месеци од денот на полагањето на завршниот испит.

(2) Доколку слушателот на почетната обука при повторното полагање на завршниот испит не освои најмалку седум бодови од вкупно десет бодови, се смета дека не ја завршил почетната обука и го губи статусот на слушател на почетната обука.

(3) Слушателот кој смета дека погрешно му се пресметани освоените бодови на завршниот испит има право на приговор до Завршната комисија во рок од два работни дена од денот на приемот на известувањето.

(4) Завршната комисија одлучува по приговорот во рок од два работни дена од денот на добивањето на навремениот приговор.

(5) Против одлуката на Завршната комисија кандидатот има право на жалба до Управниот одбор во рок од три работни дена од денот на приемот на одлуката.

(6) Управниот одбор одлуката по приговорот ја донесува во рок од два работни дена, сметано од истекот на рокот за поднесување приговори против одлуките на Завршната комисија.

(7) На седницата на Управниот одбор на која се разгледуваат приговорите учествува и претседателот на Завршната комисија или член, којшто ќе го определи тој, без право на глас.

(8) Доколку Управниот одбор го уважи приговорот на кандидатот, ја задолжува Завршната комисија да изврши повторно пресметување на освоените бодови на предметот на кој се однесувал приговорот.

(9) Завршната комисија по повторното разгледување на приговорот од ставот (8) на овој член во рок од два работни дена може да го уважи или повторно да го одбие приговорот и, за таа одлука, приложува образложено мислење до Управниот одбор.

(10) Одлуката на Управниот одбор по однос на приговорот е конечна.

(11) По правосилноста на одлуката од ставот (10) на овој член, Завршната комисија јавно ја објавува ранг-листата со конечните резултати на кандидатите кои го полагале испитот на веб-страницата на Академијата.

**Конечна ранг-листа**

Член 58

(1) По завршувањето на почетната обука слушателот добива завршна оценка, која претставува збир на добиените оценки од двете фази на почетната обука и од завршниот испит.

(2) Завршната комисија утврдува конечна ранг-листа на кандидати за судии и јавни обвинители врз основа на завршната оценка од ставот (1) на овој член.

**Уверение за завршена почетна обука**

Член 59

(1) Академијата на кандидатите за судии и јавни обвинители им издава единствено уверение за завршена почетна обука за судија и јавен обвинител, кое ја содржи завршната оценка.

(2) Уверението од ставот (1) на овој член се издава според образец, кој се утврдува со акт на Академијата.

**Права и обврски на кандидатите за судии и јавни обвинители**

Член 60

(1) По завршувањето на почетната обука слушателот на почетната обука стекнува статус на кандидат за судија и јавен обвинител.

(2) Кандидатот за судија и јавен обвинител е должен најмалку пет години по изборот за судија или јавен обвинител да работи во суд, односно јавно обвинителство, во спротивно е должен да ги надомести трошоците и другите надоместоци за неговото обучување, по утврдена пресметка од страна на Академијата.

(3) Кандидатот за судија и јавен обвинител кој двапати нема да се јави на оглас за избор на судија или јавен обвинител, односно за судија или јавен обвинител за апелационото подрачје за кое се пријавил за слушател на почетна обука, го губи статусот кандидат за судија и јавен обвинител.

(4) Губењето на статусот кандидат за судија и јавен обвинител од ставот (3) на овој член има за последица надоместување на трошоците и другите надоместоци за неговото обучување, по утврдена пресметка од страна на Академијата.

(5) Во случаите од ставовите (2) и (3) на овој член, кандидатот за судија и јавен обвинител не е должен да ги надомести трошоците и другите надоместоци за неговото обучување поради сериозно здравствено заболување, кое се докажува со соодветна документација.

(6) Во случаите од ставовите (2), (3) и (4) на овој член, Судскиот совет, односно Советот на јавните обвинители ја известува и ја задолжува службата во Академијата да направи пресметка за надоместување на трошоците и другите надоместоци за неговото обучување и да го наплати побарувањето.

## V. КОНТИНУИРАНА ОБУКА НА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

**Континуирана обука**

Член 61

(1) Континуираната обука претставува постојано стручно усовршување на теоретските и на практичните знаења и вештини заради стручно и ефикасно вршење на судиската и јавнообвинителската функција на стручните служби во судството и во јавното обвинителство како и на другите субјекти од членот 2 од овој закон.

(2) Континуираната обука може да биде задолжителна или доброволна.

(3) Должината на континуираната задолжителна обука на судиите и на јавните обвинители подетално се определува со подзаконски акт на Академијата во зависност од работниот стаж.

(4) Програмскиот совет на Академијата донесува Програма за континуирана обука.

(5) Континуирана обука се спроведува и за судии поротници.

(6) Континуираната обука се спроведува и за стручните служби во судството и јавното обвинителство, како и субјектите кои учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството.

(7) Начинот на проценка на потребите за континуирана обука на субјектите од членот 2 од овој закон, како и начинот на спроведување и евалуација на истата, се уредува со акт на Академијата.

(8) Академијата ја организира континуираната обука самостојно или во соработка со домашни и странски соработници.

(9) Слушателите на континуирана обука со живеалиште различно од местото на обука имаат право на надоместок на реално направените патни трошоци, утврдени со акт на Академијата.

**Општа програма за континуирана обука**
Член 62

Содржината, времетраењето и начинот на спроведувањето на континуираната обука е пропишана со општата програма за континуирана обука и со актите на Академијата.

**Специјализирана програма за задолжителна континуирана обука**
Член 63

(1) Новоизбраните судии и јавните обвинители се должни веднаш по изборот за судија или јавен обвинител да посетуваат континуирана обука.

(2) Содржината, времетраењето и спроведувањето на континуираната обука од ставот (1) на овој член се утврдува во Специјализирана програма за задолжителна континуирана обука.

**Специјализирана програма за доброволна континуирана обука**
Член 64

(1) Содржината, времетраењето и спроведувањето на доброволната континуирана обука се утврдува во Специјализирана програма за доброволна континуирана обука.

(2) За програмата од ставот (1) на овој член Академијата ги известува судовите, јавните обвинителства и субјектите од членот 2 од овој закон.

## VI. СЛУЖБА ЗА СТРУЧНО -ТЕХНИЧКИ РАБОТИ НА АКАДЕМИЈАТА

Член 65

(1) Вработените во Академијата имаат статус на административни јавни службеници и во однос на нивните права, обврски и одговорности се применува Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, општите прописи за работни односи и овој закон.

(2) Вработените во Академијата за судии и јавни обвинители имаат право на посебен надомест на плата во зависност од специфичноста на работните задачи, начинот и условите за нивно извршување, постојаната достапност, дополнително стекнатите стручни квалификации, доверливост и зголемениот обем на работа.

(3) Надоместокот од ставот (2) на овој член не може да биде повисок од 35% од износот на основната плата и истиот се исплаќа за определен временски период.

(4) Критериумите за исплата на надоместокот од ставот (2) на овој член со акт поблиску ги уредува директорот.

(5) Вработените кои вршат помошни или технички работи немаат статус на административни службеници и во однос на нивните права, обврски и одговорности се применува членот 3 од Законот за вработените во јавниот сектор.

## VII. ФИНАНСИРАЊЕ И СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА АКАДЕМИЈАТА

**Извори на финансирање**
Член 66

(1) Средствата за работа на Академијата се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија преку буџетот на „Судската власт”.

(2) Други извори на финансирање се:

- самостојни приходи,
- приходи преку издавање на публикации,
- приходи од реализација на обуки за правосудството и за други целни групи кои се надвор од областа на правосудството,
- реализација на проекти,
- грантови и донации, кои не се во спротивност со дејноста на Академијата.

(3) За изворите наведени во ставот (2) на овој член, директорот на Академијата го информира Управниот одбор.

(4) Буџетските средства од ставот (1) на овој член се обезбедуваат во висина за да го покријат организирањето и спроведувањето на испитите, програмите за обука, како и други трошоци кои произлегуваат од тековното работење на Академијата согласно со овој закон.

**Надзор**

Член 67

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Министерството за правда.

## VIII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 68

Глоба во износ од 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено правно лице кое технички го спроведува испитот доколку не го блокира радиофрекфенцискиот опсег во просторијата за полагање на испитот (член 41 став (1) од овој закон).

Член 69

Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на член на Комисијата за ревизија ако утврди неправилности во спроведувањето на испитите, а тоа не го констатира во извештајот до Управниот одбор на Академијата.

Член 70

За прекршоците утврдени со овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санција изрекува надлежен суд.

## IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 71

(1) Директорот, заменикот директор, членовите на Управниот одбор и на Програмскиот совет на Академијата именувани согласно со Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 20/15, 192/15, 231/15 и 163/18), ќе ја извршуваат должноста до завршување на мандатот за кој се избрани.

(2) Комисијата за приемен испит, Комисијата за завршен испит и Комисијата за ревизија на одржаните испити, ќе ја извршуваат должноста до завршување на мандатот за кој се избрани.

(3) Директорот, заменикот директор и членовите на органите од ставот (1) на овој член кои се избрани првпат согласно со Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 20/15, 192/15, 231/15 и 163/18) имаат право на уште еден избор според овој закон.

(4) Директорот, членовите на Управниот одбор, Програмскиот совет и на комисиите за приемен испит за ревизија на одржаните испити и за завршен испит на Академијата именувани во два мандат до денот на влегувањето во сила на овој закон според прописите кои важеле до денот влегувањето во сила на овој закон, немаат право на уште еден мандат според овој закон.

Член 72

(1) Сите започнати постапки за прием на слушатели на почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители ќе се спроведат и ѓе се завршат согласно со одредбите од овој закон.

(2) Генерацијата кандидати за судии и јавни обвинители која во моментот на влегувањето во сила на овој закон е во тек со обуката, истата ќе ја завршат согласно со одредбите од овој закон.

Член 73

Подзаконските акти предвидени со овој закон Управниот одбор ќе ги донесе во рок од еден месец од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 74

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Македонија“ број 20/15, 192/15, 231/15 и 163/18).

Член 75

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.